# Г Р А Д   С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ : Сектор за комунални работи

ПРЕТСТАВНИК: Секретар на Град Скопје

ПОВЕРЕНИК : Раководител на Сектор за комунални работи

# П Р Е Д Л О Г – Р А З В О Е Н  П Л А Н
## за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворените канали, езерцата и каналите во Градскиот парк и за расчистување на диви депонии на подрачјето на Град Скопје за период 2023-2025 година

Скопје, Ноември 2022 година

Предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), и член 10, став 1 точка 4, алинеја 19 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 55/04 и 158/11), а во врска со член 5 став 1 точка 18 и член 7 став 2 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/20), Советот на Град Скопје на _______ седница одржана на _________ 2022 година донесе

# Р А З В О Е Н  П Л А Н

за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворените канали, езерцата и каналите во Градскиот парк и за расчистување на диви депонии на подрачјето на Град Скопје
за период 2023-2025 година

## I. Вовед

На подрачјето на Градот Скопје тече реката Вардар со своите поголеми притоки: Лепенец, Треска, Серава и отворените канали кои ги прифаќаат атмосферските води од околните планински места и потоа ги одведуваат во реката Вардар на различни локации.

Вкупната должина на овој воден систем во урбаниот дел на градот изнесува повеќе од 45 km.

Во коритата на овие водени текови се таложат најразновидни материјали: наноси на земја, мил, песок, комунален отпад и градежен шут фрлен од страна на несовесните граѓани. Овие материјали на коритата и косините придонесуваат за развој на бујна нискостеблеста и високостеблеста вегетација. Поради сето ова, пропусната моќ особено кај отворените канали значително се намалува, се шири непријатна миризба од застоената вода и претставуваат мошне грда слика за градот.

Во случај на пообилни врнежи може да предизвикаат опасност од излевање и поплавување на непосредната околина.

Градскиот парк во Скопје е едно од најпосетените места во градот кое граѓаните често го користат за прошетки и рекреација. Во рамките на Градскиот парк егзистира систем од езерца и канали за доведување и одведување на водата. Водата со која се снабдуваат езерцата и каналите во Градскиот парк се доведува преку наменски изграден бетонски и земјен канал, кој ја зафаќа водата од реката Врадар кај населеното место Крушопек.

Поради вегетацијата и листовите кои паѓаат во водата, несовесните граѓани кои фрлаат отпадоци и самата вода која содржи природен материјал, во коритата на езерцата и каналите се таложи мил, земја и нечистотија.

На територијата на Градот Скопје на повеќе локации со години егзистираат диви депони, формирани од несовесни граѓани. Разновидниот отпад од овие депонии многу често граѓаните го палат и со тоа предизвикуваат енормно загадување на воздухот. Поради оваа состојба секојдневно сме сведоци на бурни реакции од страна на граѓаните.

## II. Општ дел

Реката Вардар минува во урбаниот дел на градот течејќи низ регулирано речно корито од новиот “мост кај Сарај”, па се до “Железничкиот мост” во село Горно Лисиче. Регулирањето на минор и мајор коритото на реката е изведено со ѕидани камени блокови во вкупна должина од 19 km.

Реката Лепенец извира во Република Косово и е една од поголемите притоки на реката Вардар. Таа поминува низ Општините Карпош и Ѓорче Петров во должина од 5 766 метри од обиколницата до вливот во реката Вардар кај населбата Злокуќани. Коритото на реката е регулирано само во еден мал дел со ѕидани камени блокови и тоа околу 200 метри пред сливот.

Реката Треска поминува во општина Сарај, низ нерегулирано речно корито во должина од 8 800 метри од браната на езерото Треска до вливот во реката Вардар.

Реката Серава се формира од повеќе мали извори од падините на Скопска Црна Гора. Поминува низ бројни населени места во општина Бутел и Општина Карпош и кај населбата Момин Поток се влева во реката Вардар. Поголемиот дел од коритото на реката Серава е изѕидано со бетонски блокови во вкупна должина од 6 263 m, започнувајќи непосредно пред обиколницата во Бутел па се до вливот во реката Врадар.

Усјански канал е предвиден да ги собира изворските и атмосферски води од падините на Водно во Општина К.Вода, од населбите Припор и Усје, за понатаму, преку долно Лисиче во Општина Аеродром да ги одведе во реката Вардар. Овој канал во урбаниот дел е изграден од ѕидани камени блокови во должина од 5 293 m.

Финско-Инџиковски канал се протега на територијата на општина Гази Баба од Железарското Езеро па се до обиколницата на излезот од Скопје-исток. Овој канал е отворен со вкупна должина од 1930 метри, од кои Финскиот е бетонски со должина од 1250 метри, а Инџиковскиот е земјен со должина од 680 метри. По обиколницата каналот се спојува со каналот од Арачиново и продолжува до с.Таор каде се влева во реката Вардар.

На падините на планината Водно изградени се неколку помали отворени канали кои се користат за прифаќање на изворските и атмосферски води.Тоа се следниве канали: каналот во Пржино, Водњанскиот канал, каналот во Козле кај детската белодробна клиника, каналот во Козле кај Германска амбасада, каналот во Трнодол, каналот во Жданец и каналот во Нерези.

Каналот во Пржино во Општината Кисела Вода е изграден како отворен атмосферски канал од ѕидани камени блокови со должина од околу 800 метри.

Водњанскиот канал во Општина Центар ги прифаќа изворските и атмосферски води. Последниве години поголемиот негов дел е покриен од страна на Општина Центар.

Каналот во Козле кај детската белодробна клиника во Општина Карпош, ги прифаќа изворските и атмосферски води. Тој е регулиран отворен канал, изграден од ѕидани камени блокови со должина од 250 метри.

Каналот во Козле во Општина Карпош кај Германска амбасада е 150 метри бетонски и 150 метри земјен.

Каналот во Трнодол кај бензинската пумпа на Макпетрол во Општина Карпош, ги прифаќа атмосферските води. Каналот е во вкупна должина од

470 метри од кои бетонскиот дел е во должина од 200 метри, а земјениот е во должина од 270 метри.

Канал Жданец кај ул.Козле во општина Карпош, ги прифаќа изворските и атмосферски води.Тоа е отворен канал со вкупна должина од 500 метри од кои една половина е бетонски, додека другата половина е земјен.

Каналот во Нерези општина Карпош е во вкупна должина од 980 метри од кои бетонски затворен дел е 480 метри, а 500 метри од каналот се отворени и делумно регулирани со ѕидан камен.

Градскиот парк е прекриен со водена површина од 64.701 $м^2$, од која системот на езерца опфаќа површина од 28 822 $м^2$, а каналскиот систем е со површина од 33 879 $м^2$. Коритата на овие езерца и канали се бетонирани и исполнети со проточна вода.

На територијата на Град Скопје во речиси сите општини на различни локации се формираат разновидни диви депонии. Поради тоа потребно е континуирано да се спроведуваат активности за нивно чистење, спречување за нивно повторно обновување како и планирање за нивна ревитализација.

## III. Стратешки цели

Стратешки цели на Градот Скопје претставуваат:
- зголемување на безбедноста на граѓаните од можни поплави,
- спречување на ширење на заразни болести,
- чисти рекреативни водени површини
- искоренување и ревитализација на дивите депонии,

со што ќе се постигне подобар квалитет на животната средина.

## IV. Активности

За реализација на стратешките цели потребно е Градот Скопје да превземе активности за:

- рачно чистење на косините на минор коритото на реката Вардар, нејзините притоки и отворените канали, одстранување на целокупната нискостеблеста вегетација и собирање на пластична амбалажа,
- машинско чистење на косините на минор коритото и нивелетата од наноси на мил, земја, гранки, комунален и градежен отпад, утовар и транспорт до депонија Дрисла за нивно одлагање,
- машинско-булдужерско буткање на песочни наноси и мил, пополнување и порамнување на дупките и нерамнини на нивелетата на минор коритото,
- испуштање на водата во езерцата и каналите во Градски парк и нивно машинско чистење од наноси на земја, мил и отпад, утовар и транспорт до депонија Дрисла за нивно одлагање,
- повторно полнење на езерцата и каналите во Градскиот парк со вода
- расчистување на локациите на кои се формирани диви депонии од најразновиден отпад,
- спречување на нивно повторно обновување преку рекултивирање и претварање во зелени површини на расчистениот простор.

## V. Носители на активности

Носители на активностите за реализација на Развојниот План ќе бидат Секторот за комунални работи и ЈП.Улици и патишта –Скопје.

Се задолжува ЈП.Улици и патишта- Скопје, за периодот (2023-2025) да достави годишни Програми за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворените канали, езерцата и каналите во Градскиот парк и за расчистување на дивите депонии на подрачјето на Град Скопје до Советот на Град Скопје на предходна согласност.

Во годишните програми потребно е да се дефинираат планираните активности, фазите и начинот на реализација.

**VI. Очекувани цели**

Со превземените активности согласно Развојниот План, изготвените и усвоени годишни Програми за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворените канали, езерцата и каналите во Градскиот парк и за расчистување на дивите депонии на подрачјето на Град Скопје, ќе се овозможи нивно редовно одржување, со што значително ќе се подобри квалитетот на состојбата во која се наоѓаат.

Со тоа ќе се обезбеди почиста, поздрава и побезбедна животна средина на општо задоволство на граѓаните.

**VII.** Овој план влегува во сила по денот на објавата во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 27-
_________2022 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Со член 10, став 1, точка 4 алинеа 10 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" број 55/04 и 158/11), утврдени се комуналните дејности на градот Скопје.

Со член 5 став 1 точка 18 и член 7 став 2 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/20), утврдени се комуналните дејности и начинот и условите за нивно извршување.

Состојбата со коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворените канали, езерцата и каналите во Градскиот парк и дивите депонии на подрачјето на Град Скопје потребно е постојано да се подобрува, односно да се спроведуваат континуирани работни активности за нивно редовно одржување и расчистување.

Со реализација на Развојниот план значително ќе се подобри состојбата со хигиената, безбедноста а во исто време ќе се обезбеди почиста животна средина за граѓаните на Град Скопје.

Потребните финансиски средства за реализација на развојниот план за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворените канали, езерцата и каналите во Градскиот парк и за расчистување на диви депонии на подрачјето на Град Скопје за период 2023-2025 година ќе бидат обезбедени од буџетот на Град Скопје.